**Известување за концентрација со која ЕНВОЛЕД ИНВЕСТМЕНТ Л.Л.Ц. , Дубаи ќе стекне контрола над БИТАР ХОЛДИНГС ЛИМИТЕД Кипар (предмет бр. 08-191/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 31.12.2025 година, а дополнето на 12.01.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која ЕНВОЛЕД ИНВЕСТМЕНТ Л.Л.Ц. (ENVOLED INVESTMENT L.L.C со седиште во канцеларија 3001-6 од 99 скфт, зграда Тамим Хаус, бизнис центар Сорп, 30-ти кат, Дубаи, ОАЕ *има намера да стекне самостојна контрола директно* над БИТАР ХОЛДИНГС ЛИМИТЕД (BITAR HOLDINGS LIMITED), со регистрирана адреса на Цхрусантхоу Мулона, 1 Панагидес Буилдинг, спрат 1, канцеларија 9, Агиа Зони, 3030 Лимассол, Кипар по пат на купопродажба на акции.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Регистрираната примарна дејност на ЕНВОЛЕД ИНВЕСТМЕНТ Л.Л.Ц. е инвестирање во трговски друштва и управување.

ЕНВОЛЕД ИНВЕСТМЕНТ Л.Л.Ц. нема регистрирани поврзани друштва ниту подружници во Северна Македонија.

Примарната деловна активност на БИТАР ХОЛДИНГС ЛИМИТЕД како холлдинг компанија е инвестирање во трговски друштва и управување.

Во Северна Македонија, БИТАР ХОЛДИНГС ЛИМИТЕД има седум регистрирани зависни друштва:

- Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД-Скопје со регистрирано седиште на ул. Тодор Александров бр.8, Скопје, Северна Македонија, со ЕМБС 5950686 со регистрирана претежна дејност – 35.110 – производство на електрична енергија од необновливи извори на енергија (во натамошниот текст: „ТЕ-ТО АД Скопје“);
- Друштво за производство, промет и услуги ТЕ-ТО ГАС ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. 515 бр.8, Скопје, Северна Македонија, со ЕМБС 6766587, со регистрирана претежна дејност – 35.23 – трговија на гас преку дистрибутивните системи;
- Друштво за инвестиции, производство, трговија и советодавни услуги БАЛКАН ЕНЕРЏИ ГРУП АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. Тодор Александров бр.8, Скопје, Северна Македонија, со ЕМБС 6810306, со регистрирана претежна дејност – 70.200 – дејности на советување во врска со работењето и останато управување;
- Друштво за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Тодор Александров

бр.8, Скопје, Северна Македонија, со ЕМБС 6824471, со регистрирана претежна дејност – 35.300 – снабдување со пареа и климатизација;

- Друштво за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Тодор Александров бр.8, Скопје, Северна Македонија, со ЕМБС 6832911, со регистрирана претежна дејност - 35.300 – снабдување со пареа и климатизација;
- Друштво за производство на топлинска енергија ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Тодор Александров бр.8, Скопје, Северна Македонија, со ЕМБС 6832938, со регистрирана претежна дејност – 35.300 – снабдување со пареа и климатизација; и
- Друштво за обезбедување БАЛКАН ЕНЕРЏИ СЕКЈУРИТИ ДООЕЛ Скопје - во ликвидација, со регистрирано седиште на ул. 515 бр.8, Скопје, Северна Македонија, со ЕМБС 7001363, со регистрирана претежна дејност – 84.24 – работи на јавниот ред и безбедноста.

За целите на оценка на концентрацијата подносителот на известувањето предлага како релевантниот пазар на производи да се дефинира пазар за електрична енергија и пазар за топлинска енергија, а како релевантен географски пазар Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

14.01.2026 година
Скопје